**20251543371**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за стоковните резерви,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 јули 2025 година.

Бр. 08-4175/1
24 јули 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2008, 77/2009, 24/11, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21, 74/24 и 135/25), во членот 17 став (3) точката 4) се менува и гласи:

„да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик:

- ТОЕФЛ ИБТ - (со најмалку 74 бода),
- ИЕЛТС - (најмалку 6 бода),
- ТОЛЕС - (базично познавање),
- ИЛЕК - (најмалку Б2 ниво),
- Кембриџ сертификат - (Б1 ниво),
- АПТИС - (најмалку Б2 ниво) или
- сертификат, уверение и/или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици во Европската Унија (англиски, француски или германски), на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.